**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦАРИНСКА УПРАВА ВО 2006 ГОДИНА

**Скопје, декември 2006 година**

Извештајот има за цел пред самиот крај на оваа година да ја информира јавноста за позначајните аспекти од работењето на Царинската управа на Република Македонија во 2006 година, посебно акцентирајќи ги целите и политиките на сегашното раководство. Секако дека во редовниот годишен извештај работењето на Царинската управа подетално ќе биде елаборирано.

Раководството е свесно дека мора да продолжи со развивањето на капацитетот и способноста на Царинската управа за да може да одговори на предизвиците и задачите кои стојат пред неа, а тоа се пред сè:

- Забрзување на протокот на стоки и услуги, пред сѐ преку воведување на интегрираното гранично управување;
- Унапредување на бизнис амбиентот, преку обезбедување конзистентни, јасни и транспаретни процедури;
- Сузбивање на нелојалната конкуренција, преку спречување на даночната евазија и нелегалната трговија со акцизни и други стоки и интелектуална сопственост;
- Заштита на општеството, преку спречување нелегален внос, транзит и излез во и од Република Македонија на наркотици, оружје, тероризам и перење пари;
- Редовна и целосна наплата на увозните давачки, на фер и правичен начин;
- Изградување на систем за контрола и заштита на границите и економијата на Република Македонија, компатибилен на стандардите и барањата на ЕУ.

Реализацијата на овие задачи ќе зависи од обезбедувањето на три основни предуслови:

- Сузбивањето на корупцијата;
- Унапредувањето на институционалниот капацитет; и
- Динамичноста на развојот на информациониот систем.

На почетокот на 2007 година Царинската управа ќе промовира детален акционен план на активности насочени кон реализација на стратешките цели. Реализацијата на дел од овие активности започна во оваа година.

1. Во рамки на мерките за сузбивање на корупцијата реализирани се или се во фаза на реализација следните активности:
    - Бројот на инспектори во Секторот за професионална одговорност е зголемен од 6 на 13;
    - Интензивирани се внатрешните контроли и истраги;
    - Извршени се 66 внатрешни истраги за несоодветно однесување и злоупотреба на службена должност на карински работници;
    - Иницирани се голем број дисциплински постапки и мерки, меѓу кои и отказни решенија. Со донесените дисциплински мерки се се запознаваат сите организациони делови;
    - Идентификувани се над 3.000 случаи на со години наназад ненаплатени или нерасчистени побарувања на име увозни давачки од над 700 фирми, од кои половината се ликвидирани или се во стечајна постапка Вкупниот износ на ненаплатени увозни давачки заедно со камати изнесува најмалку 2 милијарди денари. Во тек се активности за целосно утврдување на побарувањата, одговороноста, како и наплата;
    - Утврдено е исчезнување на 340 тони сецкан ароматизиран тутун спремен за полнење цигари, сопственост на Република Македонија. Предметот е предаден на истражните органи на МВР;
    - Во тек е вонреден попис на запленети стоки со цел да се утврди дали фактичката состојба одговара на евиденцијата. Ова од причина што досега

не е правен попис, има податоци дека сеуште постои запленета стока од периодот пред 1990 година и има индиции дека дел недостасува или не се знае каде е;

- Подготвена е стратегија за сузбивање на корупцијата;
- Подготвен е список од над 200 законски и подзаконски акти со кои е регулирано царинското работење. Започнати се активности за нивно "чистење" од непотребното административно и финансиско оптоварување на приватниот сектор и елиминирање на непотребните дискрециони права на Царинската управа кои создаваат простор за коруптивно однесување;
- Подготвен е кодекс за однесување на царинските работници;
- Во тек се активности за поправка на постојните видеокамери на граничните премини, поставување на видеокамери на другите гранични премини и царински испостави, обезбедување видео надзор во реално време и донесување интерни акти со кои ќе се регулира оваа област;
- Иницирани се активности за донесување интерни процедури за работа на организационите единици во Царинската управа;
- Обновена е работата на GPS опремата за следење на движењето на мобилните тимови на Ццаринската управа;
- Во тек се активности за поставување кутии и прибор за пишување на местата каде царинските службеници имаат контакти со јавноста (гранични премини, терминали и др.) за пишување и доставување жалби и поставување правила за преземање, прегледување на жалбите и анализирање од аспект на тоа на кого се однесуваат, на кои организациони делови и за која содржина;
- Се работи на воведување нови идентификациони броеви на царинските службеници;
- Се разгледува можноста за воведување годишно потврдување на имотната состојба на царинските работници и следење во рамки на самата Царинска управа;
- Се унапредува неделното известување и временските серии за обемот на извршени работи од страна на граничните служби и царинските испостави (прегледани возила, откриени царински прекршоци и кривични дела и др.);
- Воведени се неделни извештаи за работата на мобилните тимови;
- Започнати се анализи на извештаите за структурата на поднесените жалби на телефонскиот број 197 (на што највеќе се жалат, лицата и организационите делови на кои се упатени жалбите и сл.);
- Се преиспитуваат местата каде се поставени известувањата за користење на телефонскиот број 197 (на влез или излез од Република Македонија, терминали), дали заинетересираните лица можат навремено да ги видат, дали странците разбираат и дали им е доволен само бројот 197 за да се јават, што ако јавувањата не се на англиски, туку на германски, грчки, албански, француски или друг јазик);
- Се подготвува правилник за работа со 197 (како се снимаат и запишуваат примените пораки, како се дистрибуираат, како се контролира дистрибуцијата на примените пораки);
- Се работи на воведување анализи на примените пораки (на кои лица се однесуваат, кои организациони делови, за која проблематика) и редовно информирање на јавноста и вработените во Царинската управа за статистички податоци од јавувањата на 197;
- Се воведува динамичко следење на обемот на извршени работи од страна на царинските служби на граничните премини и испоставите (прегледани возила, откриени прекршоци, кривични дела, заплени и др.);
- Започнати се активности за регулирање на правото на награда на царински работници чии предлози за унапредување на работата, сузбивањето на

корупцијата и намалувањето на административните бариери ќе бидат прифатени и практично применети.

2. Во насока на унапредување на институционалниот капацитет на Царинската управа во 2006 година се реализирани и иницирани следните активности:
   - Одржани се 135 обуки, семинари, работилници и презентации. Во овие обуки учествувале вкупно 1479 учесници од Царинската управа;
   - Организирани се 5 презентации од страна на Царинската управа за запознавање на надворешните субјекти со одредени постапки според новиот Царински закон на кои што присуствувале вкупно 175 учесници од разни компании и шпедиции;
   - Остварена е успешна соработка со други институции и организации од земјава и од странство, како што се: царинската служба на Република Франција, царинската служба на Кралството Холандија, Абасадата на САД, Британскиот совет, Секторот за гранични работи во Министерството за внатрешни работи, Канцеларијата за озон при Министерството за животна средина и просторно планирање;
   - Подготвен е план за обуки на вработените во 2007 година, за обновување и проширување на знаењата;
   - Во подготовка е нов правилник за организација на работата на Царинската управа и нов правилник за систематизација на работните места;
   - Во подготовка е нов колективен договор;
   - Подготвена е нова Уредба униформите на царинските службеници;
   - Спроведени се и се организира спроведување на обуки за стекнување вештини за раководење;
   - Во тек е постапка за ангажирање агенција за евалуација и анкета на раководниот кадар во Царинската управа;
   - Преку Министерството за финансии е објавен тендер за ангажирање на странски царински експерти кои ќе работат на унапредување на капацитетот на Царинската управа во областа на разузнавањето, откривањето и спречувањето на нелегалната трговија, економскиот криминал и тероризмот;
   - -Согласно највисоките приоритети по однос на евроинтеграциите, отпочнати се активности за дефинирање и поставување на нов информатичко комуникациски технолошки систем. Со цел унапредување на работата и создавање на технички услови за исполнување на европските информациски и комуникациски стандарди и поврзување кон постоечките ЕУ царински системи, започнати се или се при крај на реализацијае повеќе проекти, како што се нов транзитен систем за размена на електронски пораки, апликации за зголемување на транспаретноста при доделувањето квоти, издавањето разни одобренија др.
   - Во тек е подготовка на проект за ангажирање експерти за изработка на целосна дијагностичка студија на информационите системи на царинска управа и подготовка на детална документација за целосно апликативно покривање на Царинската Управа.

3. Во насока на олеснување на траспортот, трговијата и подобрување на бизнис амбиентот се остварени следните активности:
   - Организирана е обука и издадени се лиценци за царински застапници на 550 лица, а на 220 компании им се издадени одобренија за вршење на работи на царинско застапување;
   - Формирани се 5 регионални служби за надзор на иматели на одобренија (СНИО) . Овие служби се надлежни за директен контакт со имателите на одобренија и своите првични активности ги имаа во делот на увоз за

облагородување. Во 2006 година се издадени 230 одобренија за увоз за облагородување со систем на одложено плаќање и 15 одобренија со систем на враќање на царината. Во тек се активности на надминување на проблемите идентификувани при практичната примена на новите прописи во оваа област;

- Врз основа на новите царински прописи издадени се одобренија на 58 царински складови. Во тек се активности за контрола на нивната работа;

- Согласно новите царински прописи во делот на транзитот, според кои така наречените овластен испраќач и овластен примач кои ќе може да ја започнуваат, односно завршуваат транзитната постапка директно од своите простории со избегнување на потребата транспортните средства на влегуваат на таканаречените царински терминали, издадени се и 6 одобренија за овластен примач како поедноставување во транзитната постапка и едно одобрение за употреба на посебна пломба.
- Обновени се и интензивирани се активностите за интегрирање на граничното управување и воведување на едношалтерски систем;
- Согласно заклучоци на Владата на Република Македонија, во тек се подготовки за преземање на управувањето со државните терминали и објекти на граничните премини од ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор;
- Се подготвува стратегија за овозможување царинење на државните терминали на граничните премини (кои сега не се во функција) и локално царинење, со што би се намалило транзитирањето на неоцаринети стоки низ државата и би се намалиле трошоците на компаниите, како и изградба ба терминал во рамки на слбодната економска зона Бубарцик;
- Во тек е преиспитување на нетарифните давачки и нивната висина, како и трошоците за престој на терминалите (вагање, сместување, утовар истовар итн.);
- Започната е соработка со транспортерите;
- Обновена е работата на царинско шпедитерскиот комитет;
- Воспоставена е соработка со текстилниот кластер;
- Елиминарана е двојната контрола на граничните премини (граничната полиција веќе не ги задржува камионите поради проверки на царинска документација и кантарски белешки, кои ги вршат царинските службеници);
- Елиминирано е двојното пратење на акцизните транспорти посебно бидејќи истите се обезбедени со банкарски гаранции. Сега тоа го врши само Царинската управа, а се разгледува можноста во прва фаза и Царинската управа да не ги прати конвоите кои превезуваат нафта и нафтени деривати;
- Се воведуваат турнуси каде што е потребно и можно, со цел забрзување на царинската постапка;
- Во соработка со царинската служба на Република Србија извршено е мерење и анализа на проточноста и процедурите на граничниот премин Табановце со цел идентификување на можностите за забрзување и поедноставување на процедурите и иницирање подобрување на соработката помеѓу граничните служби. Вакво мерење е договорено да се изврши во јануари 2007 и со Република Грција на граничниот премин Богородица;
- Врз основа на иницијатива на текстилниот кластер, во тек се активности за измена на регулативата со цел олеснување и упростување на царинска евиденција и добивање одобренија, унифицирање и поедноставување на начинот на водење евиденција на увозот на репроматеријали за

производство наменето за извоз, комплетирање на заостанати незатворени извештаи за извршен извоз врз основа на увоз. Се испитуваат можностите за намалување на износот на банкарски гаранции со кои претпријатијата даваат обезбедување на Царинската управа дека увозот за извоз ќе биде реализиран;

- Интензивирани се барањата од Европската комисија за вклучување на Република Македонија во пан евромедитеранскиот систем на дијаконална кумулација на потеклото;
- Започнати се активности за воспоставување електронски систем за меѓусебно поврзување со ЈП МЖ;
- Се согледуваат можностите за елиминање на шалтерите при работата со странките;
- Се унифицираат царинските потспаки во сите царински испостави;, примената на единствени цени, единствено тумачење на прописите и се разгледуваат начините за воведување рокови за издавањето на акти од областа на царинското работење;
- Се испитуваат можностите за воведување саморегулирачки тела за лиценцирање шпедитерски работници и шпедитерски фирми и начинот на вршење надзор;
- Започнати се активности за унапредување на системот на поедноставена царинска постапка, увозот за облагородување и привремениот увоз, упатството за царински долг и упатството за транзит, ослободување од царинска постпка, упатството за земање, ракување и чување на мостри, упатството за царинска вредност
- Подготвен е елаборат за активирање на царинска лабораторија;

4. Спречување нелегален внос, транзит и излез во и од Република Македонија на наркотици, оружје, акцизни и други стоки, предмети и интелектуална сопственост, тероризам и перење пари

- Во рамки на активностите за борба против организираниот криминал, мобилните тимови на Царинската управа низ територијата на Република Македонија за 11 месеци извршија детална контрола на 700 товарни моторни возила, 480 автобуси и 1250 патнички возила. Извршени се дополнителни контроли на 94 трговски трговски друштва и иматели на одобренија за постапки со економски ефект (увоз за облагородување, јавни царински складови сл.) Како резултат на овие контроли како и на други активности извршена е заплена на:
    - 233 килограми дрога марихуана и 24.4 килограми дрога хероин;
    - 25 милиони парчиња цигари со проценета вредност во износ од 52,5 милиони денари, при што висината на избегнатите давачки (царина, акцизи, ДДВ) изнесувала 86.5 милиони денари;
    - други видови стоки, при што вредноста на запленетата стока и избегнатите давачки изнесува вкупно 148.5 милиони денари;
    - девизи (129.605,00евра, 46.200,00 швајцарски франци, 120.000,00канадски долари и 16.036,00 САД долари, 33 чека во вредност од 182.704,59 евра);
    - како резултат на примени анонимни јавувања на отворената царинска линија 197 откриени се повеќе прекршоци и извршени се заплени на стоки кои се од различен вид (цигари, текстил, прехрамбени производи).

- Против откриените сторители на кривични и прекршочни дела поднесени се вкупно 79 кривични и 997 прекршочни пријави. Кривичните пријави се однесуваат за делата даночно затајување и царинска измама, односно за неисполнување и избегнување од страна на физичките и правни лица на законската обврска за наплата на царински и други давачки во вкупен износ од 287 милиони денари денари. Изготвени се 228 предлози за дополнителна наплата на помалку пресметани и наплатен царински долг во висина од 11.6 милиони денари. Во управна постапка примени се вкупно5.228 предмети од кои Царинската управа има решено 4.553.

- Со цел зголемување на ефикасноста во откривањето на економскиот цриминал зголемена е соработката со МВР, УЈП, Јавното обвинителство и Финансиската полиција, а комуникацијата се одвива и на дневна основа.
- Преку СЕКИ центарот Царинската управа учествуваше во подготовката , координацијата и реализацијата на операција ХУРИКАН, против трговија со фалсификувани трговски марки и операција КОНТЕЈМЕНТ 5 против, трговија со дрога и наркотични средства;
- Во рамките на КАФАО мисијата во Република Македонија поставена е база на заплени и веќе се изготвуваат првични анализи за ризични профили кои се однесуваат на акцизни стоки. Започна со реализација проект за анализа на празни товарни моторни возила (ТМВ) кои транзитираат на територијата на Република Македонија, креирање на аналитичка алатка за полни ТМВ и нивно соединување со празни ТМВ, проект за централизирано администратирање податоци на гранични премини и друго;
- Се работи на унапредување на капацитетот на царинските службеници за откривање и сузбивање царински прекршоци и царинското разузнавање;
- Покрената постапка за набавка на кучиња за вршење истраги и обезбедување персонал и други ресурси (сега има само три активни кучиња);
- Започната е постапка за набавка на скенери за контрола на возила;
- Воведени се неделни извештаи и временски серии за обемот на извршени работи од страна на граничните служби и царинските испостави (прегледани возила, откриени царински прекршоци и кривични дела и др.)

Како дел од севкупната борба против злоупотреба на интелектуалната сопственосто, односно нејзина заштита, Царинската Управа ги оствари следните активности:

- Регистрирани се 43 барања за превземање царински дејства согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектулана сопственост;
- Откриени се 45 обиди за внесување во Република Македони стока која повредува право од интелектуална сопственост;
- Уништени е стока која повредува право од интелектулна сопственост во износ од 36.300 парчиња од најразлични брендови;
- Во 3 случаи е поведена судска постапка;
- Воведена е база на податоци за случаи на повреда на право од интелектуална сопственост.

5. Во периодот од 01.01.2006 до 15.12.2006 година преку Царинската управа се наплатени вкупно 31 милијарди денари на име увозни давачки, што е за 9.44% повеќе во однос на цела 2005 година. Од вкупниот износ, 4,8 милијарди денари

се на име царина (16.7% повеќе во однос на цела 2005 година), 24,9 милијарди денари на име ДДВ (12% повеќе во однос на цела 2005 година), 0,64милијарди денари на име акцизи (26,8% повеќе во однос на цела 2005).

Активностите на Царинската управа до крајот на оваа и цела 2007 година, а кои се очекува да имаат ефект и врз зголемувањето на приходите од увозни давачки, имаат пред сѐ структурен карактер (поради што и не е можна квантификација во парична вредност). Тоа се мерки за зајакнување на контролата на граничните премини, употреба на воедначен начин за утврдување на потеклото, вредноста и тарифата, како параметри за пресметка на царинскиот долг, зајакнување на истрагите (внатрешни и надворешни) и мерки насочени кон спречувањето на корупцијата. Поконкретно, мерките се следните:

- Стриктно применување на правилата за утврдување на царинскиот долг (потекло на стоката, царинска постапка, вредност, тарифа) за што следи:
    - изменување и дополнување на Упатството за царинскиот долг;
    - донесување Упатство за ослободување во царинска постапка;
    - дополнување на Упатството за царинска вредност;
    - набавка на опрема за царинската лабораторија;
    - подобрување на базите на податоци за анализа на ризик при утврдувањето на потеклото и вредноста на стоката;
- Зајакнување и интензивирање на внатрешните инспекции и истраги со цел проверување на соодветноста на утврдениот и наплатениот царински долг од страна на цариниците, прверка на поврзаноста на цариниците со приватниот сектор врз основа на фрекфентноста на меѓусебната работа;
- Координирани акции со УЈП за откривање случаи на вратен ДДВ врз основа на фактури за извршен фиктивен извоз;
- Интензивирање на барањата за потврда на фактурната вредност на увезените стоки (кога е неразумно ниска цената, а со тоа и основицата за пресметка на увозните давачки) од царинските администрации на земјите од кои воопшто или тешко и несоодветно добиваме повратна информација (вклучително и преку нашето МНР и амбасади).
- Спроведување засилени истраги за измами врз основа на лажно прикажани ниски цени при извозот (бидејќи со тоа се прикажува помала добивка како основица за пресметка на соодветниот данок).
- Обучување на вработените во Секторот за контрола и истраги во областа на сметководството и финансиите.
- Интензивирање на работата на мобилните тимови.
  Интензивирање на продажбата на запленета стока:

6. Меѓународна соработка.

Во рамки на проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (ТТФСЕ) во употреба е предаден новоизграден граничен премин Табановце и се започнати активности на новата Програма ТТФСЕ 2**,** во рамките на која ќе се реконструира граничниот премин Блаце (за патнички промет), и ќе се подобри работењето на железничките царински испостави.

Во делот на меѓународната соработка реализирани се следните активности:

- Во организација на Царинската у и УСАИД се одржа регионална конференција за хармонизирање на барањата за трговски податоци во Југоисточна Европа и можноста за електронска размена на податоци, на која присуствуваа претставници од повеќе царински служби од регионот,меѓународни институции и јавниот и приватниот сектор.

Целта на Конференцијата беше можно воведување на концептот на едношалтерски систем (Single Window);

- Подготвен е меморандум за воведување на специјален систем помеѓу Р.Македонија и Р.Хрватска кој ќе овозможи електронска размена на податоци, со цел за навремено предупредување за можни сторители на царински прекршоци;
- Продолжи со реализација програмата за техничка помош со Министерството за финансии на Холандија - Царинската Управа;
- Во соработка со царинската служба на Република Франција**,** реализирани се семинари од областа на истрагите и разузнавањето;
- Започната е соработка со царинската служба на Италија за преземање на нивниот царинскиот софтвер - АИДА со цел замена на царинскиот софтвер на Република Македонија - АСИКУДА.
- Продлабочена е соработката со царинската служба на УНМИК со формирање работни групи со цел оперативно дејствување во повеќе области;
- Ссе интенизвира соработката со царината на Србија, посебно во делот на електронската размена на податоци;
- Со царинската служба на Србија е спроведено на заедничко мерење на времето потребно за процесирање на стоките и патниците од двете страни на граничните премини. Во подготовка се исти активности со царинската служба на Грција;
- Склучена е Спогодба за соработка и помош во царинските прашања помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Финска, и истата е предмет на ратификација;
- Во подготовка е потпишување на Спогодба за царинска соработка со Република Словачка и Босна и Херцеговина. Иницирана е и постапка за склучување на ваква спогодба за соработка и со Украина;
- Во рамките на активностите поврзани со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, Царинската управа за поглавјето 29 - Царинска унија**,** во целост ги исполни обврските од оваа програма за 2006 година.